# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 29.12. 2016 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 18 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за извршување на Буџет на Општина Свети Николе бр. 0801 - 579 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2016 година.

**Бр.0901-590**
**29.12. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

***ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2017 ГОДИНА***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/2002), член 22 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр. 61/2004 и 96/2004 67/2004,156/2009,47/2011) член 31 и член 37 од Законот за буџети(“Службен весник на Р.М.” бр.64/05, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/2010, 180/11, 171/2012, 192/2015,167/2016 ),Советот на Општината Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2016 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за извршување на Буџетот на Општина Св.Николе за 2017 година**

**Член 1**

Буџетот на Општината Св.Николе за 2017 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од : Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет за кредити.

**Член 3**

Буџетот за 2017 година содржи : Основен Дел ,Посебен Дел и Развоен Дел составен од развојни програми за тригодишно планирање на Буџетот на општина Свети Николе

**Член 4**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично и средствата се определени за една фискална година и средствата кои ќе останат неискористени го губат правото за користење на наредната година .

**Член 5**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ

**Член 6**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината и доколку оцени дека се неопходни позначајни прераспределби од одобрените средства во буџетот или доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината измена и дополнување на буџетот.

**Член 7**

Одобрените средства во буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година, а одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот со Одлука за прераспределба не може да се зголемат за повеќе од 10%.

## *ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2017 ГОДИНА*

**Член 8**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината.

**Член 9**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

**Член 10**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 11**

Буџетските корисници за реализирањето на буџетот изготвуваат месечни извештаи М1 и кумулативни квартални извештаи М2 и истите ги доставуваат до локалната самоуправа не покасно од 5 во тековниот месец..На крајот на месецот се должни да достават фотокопија на банковиот изводот заклучно со датумот на месецот кој истекува заради следење на состојбата помеѓу одобрени - релизирани планови.

**Член 12**

Буџетските корисници доставуваат прегледи М3 до локалната самоуправа за доспеаните и неизмирени обврски за самата јавна општинска институција ако оврските се постари од 60 дена и истите се доставуваат со кумулативниот извештај М2 не покасно од 5-ти во тековниот месец.

**Член 13**

Буџетските корисници доставуваат изработени пресметки за плати со Ф1 образец до општината за секој месец поединечно и истите не смеат да се доставуваат покасно од 25 во тековниот месец за исплата на плата за наредниот месец.

**Член 14**

Општината е должна по добивањето на податоците од буџетските корисници во рок од 2-3 дена да ги провери и достави уредно податоците за исплата на плата до ресорните министерства како и финансовиот план за одобрување до министерството за финансии.

Општината е должна на буџетските корисници да им исплати плата најкасно до 15 во тековниот месец за платата од претходниот месец

**Член 15**

Буџетските корисници не смеат да се задолжуваат надвор од предвидениот буџет и неопходно е да се придржуваат на веќе утврдените расходи кои соодветно се прераспределени по ставки и програми

**Член 16**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за :

- Пресметка на платата кај избраните и именувани лица (градоначалникот ) ќе се утврди врз основа на коефициент кој изнесува 2,9 а основицата изнесува од 26.755
- За вработените кои имаат статус на административните службеници вредноста на бодот со утврдување на бруто платите изнесува „76.8” денари
- За лицата кои извршуваат административно-технички работи помошни работи во општина Св.Николе, бодот за бруто платата изнесува „76.8” денари согласно Правилникот за плати на административно- техничкиот персонал .
- За вработените во јавните буџетски институции исплатата ќе се спроведува согласно Законот за вработените во јавниот сектор и истите ке ги спроведуваат насоките согласно измените во колективните договори доколку постојат истите
- Лицата кои обавуваат техничко-помошни работи во јавните општински институции ќе се исплаќаат согласно колективниот договор во самата јавна општинска институција и законот за јавен сектор.

**Член 17**

За лицата кои се вработени во образование буџетските корисници се должни да достават список за тоа колку лица имаат распределено по руралните средини колку лица патуваат од и до работното место и притоа со соодветна јавна набавка да им обезбедат организиран превоз од страна на самата инатитуција. Исплатата ќе се врши само на оние лица кои се прераспределени со решение на непосредниот работодавач.

**Член 18**

Надоместокот за дневница за службено патување во Република Македонија без трошоци изнесува 800.00 денари, доколку патувањето траело повеќе од 12 часа

За патување во траење од 8 до 12 часа се испалтува 50% од утврдениот износ во ставе ден од овој член

Надоместокот за дневница за службено патување во странство согласно Уредбата за измена и дополнување на Уредбата за патувања и селидби во странство се определуваат следните износи :

-50 % од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата

-ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управата не се исплатува дневница

-ако издатоците за стручно усовршување и оспособување не паѓаат на терет на органот , а престојот е над 30 дена не се исплатува дневница.

**Член 19**

Во случај на боледување подолго од 6 месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување,на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последна исплатена месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и во локалната јавна установа,на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и во локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесното семејство(родител,брачен другар, деца родени во брак или вон брак,посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна просечна исплатена месечна плата во органот каде што е вработен но не повеќе од 15.000,00 по барање.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација ( лична карта или пасош)

Надоместоците од ставот 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

**Член 20**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на самата институција и буџетските корисници се реализира со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од **6.000,00** денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 21**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува градоначалникот. За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Градоначалникот за средствата од еднократна парична помош и социјална парична помош поднесува извештај до Советот за потрошените средства.

Износот за исплата на сретства по основ на еднократна парична помош е од 3.000,00 денари до 6.000,00 денари за лице корисник на постојана или повремена социјална помош, самохрани родители, технолошки вишоци, лица со инвалидитет и лица заболени од потешки заболувања.

Надоместокот-помош за новороденчиња во 2017 година се одобруваат во износ

- За прворođеното дете во 2017 година се одобрува износ од 20.000,00 денари
- За секое прво и второ родено дете од родители кои се жители на општина Свети Николе им се одобрува исплата во износ од 5.000,00 денари
- За секое трето и наредно родено дете се одобрува износ од 10.000,00 денари
- За родителите кои ќе имаат тројка, четворка и петка ќе добијат за секое дете по 10.000,00 денари поединечно за секое дете.

Средствата за надоместок - парична помош за новороденчиња се одобрува соодветно на барањето за секое дете родено во 2017 година согласно, Правилникот за исплата на надомест за новородени деца во општина Свети Николе.Барањата кои се уредно поднесени а не се исплатени во текот на 2016 година се пренесуваат како обврска за исплата во наредната година.

**Член 22**

За средствата кои се одобруваат како подршка за склучување на бракови на лица над 40 годишна возраст, градоначалникот поднесува извештај до Советот на општината. Лицата кои имаат навршено над 40 години,се жители на град Свети Николе и склучуваат за првпат брак ќе имаат право на оваа финансиска помош во износ од 30.000 денари. Критериумите за исплата се регулирани врз основа на Правилникот за исплата на подршка на лица кои склучуваат прв брак над 40 години.

**Член 23**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 24**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 25**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Повратот на средства доколку настане како резултат на погрешна уплата од страна на лицето што го уплаќа се врши поврат на средствата со донесено решение од градоначалникот на самото лице кое ја има направено грешка во уплатата.Доколку е направена грешка од страна на банките во платниот промет средствата се враќаат на самата банка.

**Член 26**

Уплатите по основ на јавно наддавање на лицата кои не го оствариле своето право им се враќаат во апсолутен износ.На оној кој го остварил правото на најповолен понудувач средствата му се враќаат со задршка од 10% за трошоците напрвени во постапката

**Член 27**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот изнесува 50% од просечната плата во Републиката исплатена во претходната година.

Месечниот надоместок за присуството на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на советот.

Месечниот надоместок за присуството на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 28**

На претседателот на советот на општина Свети Николе за раководењето и организирањето на работата на советот надоместокот од членот 27 се зголемува за 30%.

**Член 29**

На членовите на советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службено патување во странство според прописите кои се однесуваат на административните службеници, вработени во општинската администрација.

**Член 30**

Сметкопотврдите од такси услугите кои не се фискализирани ќе се признаваат само доколку стои потписот на градоначалникот, раководителот на одделнието и лицето кое е корисник на услугата со печат од надворешната страна на сметкопотврдата.

**Член 31**

Максималниот износ на готовински средства во благајната на општина Свети Николе не смее да изнесува повеќе од **120.000,00** денари.

Сите исплати кон физички лица како и исплати на патни расходи кои се направени како споредни трошоци од страна на вработени ќе се исплаќаат преку трансакциони сметки .

Вработените кои имаат земено аванс од благајната се должни во пок од 2 дена да ги достават патните расходи.

Решението за службено патување во станство на градоначалникот го потпишува Секретарот на општината со дефинирана дневница и трошоци за истото.

**Член 32**

Претседателот на Советот на Општина Свети Николе е овластен да ги одобрува за расходите од делот на трошокот за репрезентација по програмата А0, кој се направени за потребите на Советот на општина Свети Николе.

Секретарот на општината е овластено лице за одобрување на расходите кои произлегуваат од делот на трошоците за репрезентација, кога не е корисник градоначалникот.

**Член 33**

(1) Административните службеници од ранг листата од членот 65 став (17) од закон за административни службеници кои се оценети согодишната оцена "особено се истакнува", ќе бидат наградени со бонус во износод најмногу една плата примена во последниот месец во годината во која се вршело оценувањето.

(2) На последните 5% административни службеници од ранглистата од членот 65 став (17) од закон за административни службеници ќе им престане работниот однос доколку се оценети со оцена „не задоволува",

-На административните службеници ќе им биде намалена платата во износ од 20% во период од шест месеци доколку се оценети со оцена „делумно задоволува"

- На административните службеници биде намалена платата во износ од 10% во период од шест месеци доколку спаѓаат во последните 5% од ранг листата, а не се оценети со оцена „не задоволува" или „делумно задоволува".

(3) На административниот службеник кој е оценет со оцена „делумно задоволува"две последователни оценувања му престанува работниот однос.

(4) За реализирање на мерките за одличен и слаб ефект од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, раководното лице на институцијата донесува решение најдоцна до 15 февруари во тековната за претходната година.

.

**Член 34**

На вработените од локалната самоуправа им следува регрес за годишен одмор кој изнесува 60% од просечно исплатена месечна нето плата по работник.

**Член 35**

Градоначалникот врз основа на претходно доставени наоди и анализи со посебно решение може да исплати средства од Буџетот на општината на име на буџетските корисници од посебна подсметка 603 која се наоѓа во состав на Буџетската сметка на општината.

Со посебно решение од став 1 градоначалникот може да испалати средства и од буџетската сметка доколку постојат извршни решенија и ако поради итноста не може да се изврши пренамена а во исто време би го загрозиле основното фукционирање на буџетските институци.

**Член 36**

Буџетот на Општина Свети Николе се извршува од 01.01.2017 до 31.12.2017 год.

**Член 37**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Св.Николе", а ќе се применува со денот на објавувањето.

**0801 - 579**
**29.12.2016 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Св.Николе**
**Претседател,**

**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на бодот за платите на административните службеници за 2017 година бр. 0801 - 580 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2016 година.

**Бр.0901-590/2**
**29.12. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ број 5/2002), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите**
**на административни службеници за 2017 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за платите на административни службеници во општина Свети Николе за 2017 година .

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2016 година во општина Свети Николе изнесува 76,80 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе “, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2017 година.

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател**
______________________
**Илија Стоилев с.р.**

**0801-580**
**29.12 .2016**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на административни службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на административни службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници која ја донесува Советот.

Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Буџетски календар за 2017 година бр. 0801 - 581 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2016 година.

**Бр.0901-590/3**
**29.12. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР – за 2017 година**

**на ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

| **МОЖЕН ДАТУМ** | **БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНСТ** |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите Сл.в. 64/2004 Чл. 21<br>Закон за финансирање на ЕЛС Сл. в. 61/2004 Чл. 27 Став 1 и 2 |
| 5 октомври | Градоначалникот и Секторот за финансии и буџет се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. | Градоначалник<br><br>Сектор за финнсирање и буџет |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Сектор за финансирање и буџет |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Секторот за финансирање и буџет од останатите Сектори и буџетски корисници. | Раководители на сектори<br><br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>д.Се изготвуваат развојните програми на Буџетот на општината | Сектор за финансирање и буџет |

| | | |
|---|---|---|
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет. | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Совеот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20 декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| 25-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС<br>Член 28 став 2. | Совет на Општината |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

**0801 - 580**

**29.12.2016**

**Свети Николе**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Претседател,**

______________________________

**Илија Стоилев С.Р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Буџет на Општина Свети Николе за 2017 година бр. 0801 - 582 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2016 година.

**Бр.0901-590/4**
**29.12. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год.) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007год.), Советот на општината **СВЕТИ НИКОЛЕ** на **69** седница, одржана на **23.12.2016** година, донесе :

# Б У Џ Е Т

## на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ за 2017

### 1. Општ дел

Член 1

Буџетот на Општината **СВЕТИ НИКОЛЕ** за **2017** година, се состои од :

| | | |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | | **378.342.345** |
| | Даночни приходи | 79.920.000 |
| | Неданочни приходи | 21.862.181 |
| | Капитални приходи | 61.275.286 |
| | Приходи од дотации | 143.511.000 |
| | Приходи од трансфери | 31.014.604 |
| | Приходи од донации | 40.759.274 |
| **II. Вкупни расходи** | | **399.937.036** |
| | Од утврдени намени | 399.237.036 |
| | Расходи од резерви | 700.000 |
| **III. Дефицит** | | **-21.594.691** |
| **IV. Финансирање** | | **21.594.691** |
| **Прилив** | | **21.594.691** |
| | Домаш.задолжувања | 21.594.691 |
| | Странски заеми | 0 |
| **Одлив** | | **0** |
| | Отплата на главница | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува :

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2017 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
| | | 346.969.961 | 176.209.890 | 17.862.181 | 143.511.000 | 40.759.274 | 21.594.691 | 399.937.036 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **68.032.108** | **79.920.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **79.920.000** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **2.030.000** | **2.280.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.280.000** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 650.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 1.200.000 | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| **713** | **Даноци на имот** | **20.150.000** | **16.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16.000.000** |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 2.800.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 350.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 15.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | **42.337.526** | **57.770.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **57.770.000** |
| 717111 | Комунална Такса за привремен престој | 50.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 3.500.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата | 950.000 | 1.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.300.000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 13.500.000 | 13.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.500.000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 1.000.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| 717134 | Комунална Такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 50.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места,со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност | 495.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 717136 | Комунална Такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 22.739.526 | 38.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 38.000.000 |
| 717138 | Надоместоци од Комунална дејност | 3.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **3.514.582** | **3.870.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.870.000** |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2017: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 346.969.961 | 176.209.890 | 17.862.181 | 143.511.000 | 40.759.274 | 21.594.691 | 399.937.036 |
| 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор | 150.000 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| 718127 | Надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со б-интегрирана еколошка дозвола на општината, односно градот скопје | 200.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје | 35.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 718140 | Надомест за одржување на јавна чистота | 3.129.582 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **20.679.495** | **4.300.000** | **17.562.181** | **0** | **0** | **0** | **21.862.181** |
| **721** | **Претприемачки приход и приход од имот** | **0** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 721319 | Други Приходи на имот | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **850.000** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 722315 | Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 550.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 722316 | Други локални Такси | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **17.264.515** | **1.800.000** | **16.812.181** | **0** | **0** | **0** | **18.612.181** |
| 723111 | целодневна и претшколска грижа | 9.380.947 | 0 | 11.945.200 | 0 | 0 | 0 | 11.945.200 |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции | 1.300.056 | 0 | 1.445.112 | 0 | 0 | 0 | 1.445.112 |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 550.000 | 0 | 1.920.700 | 0 | 0 | 0 | 1.920.700 |
| 723219 | Приходи од продажба на производи и стоки | 3.473.512 | 0 | 1.151.169 | 0 | 0 | 0 | 1.151.169 |
| 723411 | Членарини во институции во областа на културата | 200.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | 150.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 723911 | Закупнина од објекти | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | 2.200.000 | 1.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.800.000 |
| **724** | **Други владини услуги** | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 724118 | Приходи од противпожарни Услоги | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **2.554.980** | **1.500.000** | **650.000** | **0** | **0** | **0** | **2.150.000** |
| 725922 | Приходи од осигурување на имот | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | 2.214.980 | 1.000.000 | 650.000 | 0 | 0 | 0 | 1.650.000 |
| 725943 | 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните | 300.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **56.445.000** | **61.275.286** | **0** | **0** | **0** | **0** | **61.275.286** |
| **731** | **Продажба на капитални средства** | **1.300.000** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 731111 | Приходи од продажба на капитални средства | 1.300.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **733** | **Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања** | **55.145.000** | **60.275.286** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.275.286** |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТО: Буџет | БУЏЕТО: Приходи од самофинан. активности | БУЏЕТО: Приходи од дотации | БУЏЕТО: Приходи од донации | БУЏЕТО: Приходи од кредити | БУЏЕТО: Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **346.969.961** | **176.209.890** | **17.862.181** | **143.511.000** | **40.759.274** | **21.594.691** | **399.937.036** |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на република македонија | 32.500.000 | 32.665.286 | 0 | 0 | 0 | 0 | 32.665.286 |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 6.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 |
| 733118 | Надомест за детални геолошки истражувања | 80.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 10.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина) | 13.000.000 | 13.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.000.000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 3.500.000 | 4.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.500.000 |
| 733145 | Надомест за Издавање на согласност и одобрение за потврдување на бесправен објект или оранжерија изграден на земјоделско земјиште | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **181.813.358** | **30.714.604** | **300.000** | **143.511.000** | **40.759.274** | **0** | **215.284.878** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **172.318.225** | **30.714.604** | **300.000** | **143.511.000** | **50.000** | **0** | **174.575.604** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 360.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 741112 | Трансфери од буџетот на рм | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 50.000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 3.800.000 | 3.293.294 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.293.294 |
| 741115 | Дотации на општината, од Приходи од ддв | 22.297.412 | 27.421.310 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.421.310 |
| 741119 | Наменска дотација на општината за активности од пожарникарство | 4.485.000 | 0 | 0 | 4.235.000 | 0 | 0 | 4.235.000 |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 141.375.813 | 0 | 0 | 139.276.000 | 0 | 0 | 139.276.000 |
| **742** | **Донации од странство** | **0** | **0** | **0** | **0** | **217.000** | **0** | **217.000** |
| 742115 | Приходи од европските држави | 0 | 0 | 0 | 0 | 217.000 | 0 | 217.000 |
| **743** | **Капитални донации** | **9.385.133** | **0** | **0** | **0** | **40.492.274** | **0** | **40.492.274** |
| 743211 | Капитални донации | 9.385.133 | 0 | 0 | 0 | 40.492.274 | 0 | 40.492.274 |
| **744** | **Тековни донации** | **110.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 744111 | Донации од приватни компании | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **20.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.594.691** | **21.594.691** |
| **754** | **Друго домашно задолжување** | **20.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.594.691** | **21.594.691** |
| 754111 | Други домашни задолжувања | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.594.691 | 21.594.691 |

# BILANS NA PRIHODI

## Nivo na: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Predhoden buxet | B U X E T: Buxet | Prihodi od samofinan. aktivnosti | Prihodi od dotacii | Prihodi od donacii | Prihodi od krediti | Vkupni prihodi |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **346.969.961** | **176.209.890** | **17.862.181** | **143.511.000** | **40.759.274** | **21.594.691** | **399.937.036** |
| **71** | **DANO^NI PRIHODI** | **68.032.108** | **79.920.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **79.920.000** |
| 711 | Danok od dohod, od dobivka i od kapitalni dobivki | 2.030.000 | 2.280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.280.000 |
| 713 | Danoci na imot | 20.150.000 | 16.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.000.000 |
| 717 | Danoci na specifi~ni uslugi | 42.337.526 | 57.770.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.770.000 |
| 718 | Taksi na koristewe ili dozvoli za vr{ewe na dejnost | 3.514.582 | 3.870.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.870.000 |
| **72** | **NEDANO^NI PRIHODI** | **20.679.495** | **4.300.000** | **17.562.181** | **0** | **0** | **0** | **21.862.181** |
| 721 | Pretpriema~ki prihod i prihod od imot | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 722 | Globi, sudski i administrativni taksi | 850.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 723 | Taksi i nadomestoci | 17.264.515 | 1.800.000 | 16.812.181 | 0 | 0 | 0 | 18.612.181 |
| 724 | Drugi vladini uslugi | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 725 | Drugi nedano~ni prihodi | 2.554.980 | 1.500.000 | 650.000 | 0 | 0 | 0 | 2.150.000 |
| **73** | **KAPITALNI PRIHODI** | **56.445.000** | **61.275.286** | **0** | **0** | **0** | **0** | **61.275.286** |
| 731 | Proda`ba na kapitalni sredstva | 1.300.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 733 | Proda`ba na zemji[te i nematerijalni vlo`uvawa | 55.145.000 | 60.275.286 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.275.286 |
| **74** | **TRANSFERI I DONACII** | **181.813.358** | **30.714.604** | **300.000** | **143.511.000** | **40.759.274** | **0** | **215.284.878** |
| 741 | Transferi od drugi nivoa na vlast | 172.318.225 | 30.714.604 | 300.000 | 143.511.000 | 0 | 0 | 174.525.604 |
| 742 | Donacii od stranstvo | 0 | 0 | 0 | 0 | 267.000 | 0 | 267.000 |
| 743 | Kapitalni donacii | 9.385.133 | 0 | 0 | 0 | 40.492.274 | 0 | 40.492.274 |
| 744 | Tekovni donacii | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **75** | **DOMA{NO ZADOL@UVAWE** | **20.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.594.691** | **21.594.691** |
| 754 | Drugo doma{no zadol`uvawe | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.594.691 | 21.594.691 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ
## Ниво на: Потстаква

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ 2017 – Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 346.969.961 | 176.209.890 | 17.862.181 | 143.511.000 | 40.759.274 | 21.594.691 | 399.937.036 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **151.837.867** | **27.644.870** | **605.391** | **128.011.269** | **0** | **0** | **156.261.530** |
| **401** | **Основни плати** | **108.884.259** | **17.542.476** | **417.601** | **93.217.488** | **0** | **0** | **111.177.565** |
| 401110 | Основни плати -функционери | 762.000 | 790.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 790.000 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | 11.300.000 | 11.706.582 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.706.582 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 88.983.852 | 3.255.440 | 388.200 | 87.068.556 | 0 | 0 | 90.712.196 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 7.313.407 | 1.290.012 | 29.401 | 6.148.932 | 0 | 0 | 7.468.345 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 525.000 | 500.442 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.442 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **40.369.556** | **6.738.408** | **154.454** | **34.793.781** | **0** | **0** | **41.686.643** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 26.713.830 | 4.378.925 | 102.970 | 23.089.672 | 0 | 0 | 27.571.567 |
| 402120 | Придонес за бенифициран стаж | 284.048 | 254.860 | 0 | 181.905 | 0 | 0 | 436.765 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 10.828.470 | 1.696.668 | 41.760 | 9.347.240 | 0 | 0 | 11.085.668 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 751.402 | 128.228 | 2.860 | 835.654 | 0 | 0 | 966.742 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 1.791.806 | 279.727 | 6.864 | 1.339.310 | 0 | 0 | 1.625.901 |
| **404** | **Надоместоци** | **2.584.052** | **3.363.986** | **33.336** | **0** | **0** | **0** | **3.397.322** |
| 404150 | Други надоместоци | 2.584.052 | 3.363.986 | 33.336 | 0 | 0 | 0 | 3.397.322 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **640.000** | **700.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **700.000** |
| **412** | **Постојана резерва (непредвидливи расходи)** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 412110 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **413** | **Тековни резерви (разновидни расходи)** | **640.000** | **600.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **600.000** |
| 413110 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 640.000 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **86.591.487** | **52.983.336** | **16.946.176** | **15.396.731** | **267.000** | **0** | **85.593.243** |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **1.074.009** | **500.000** | **130.000** | **10.000** | **75.500** | **0** | **715.500** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 231.000 | 65.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 75.000 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 205.811 | 15.000 | 20.000 | 0 | 40.000 | 0 | 75.000 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 154.500 | 135.000 | 60.000 | 10.000 | 30.000 | 0 | 235.000 |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | 129.400 | 95.000 | 15.000 | 0 | 5.500 | 0 | 115.500 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 140.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 73.000 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 133.000 | 130.000 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 155.000 |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 7.298 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **22.797.483** | **10.337.620** | **1.659.000** | **9.228.997** | **0** | **0** | **21.225.617** |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ
## Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТО: Буџет | БУЏЕТО: Расходи од самофинан. активности | БУЏЕТО: Расходи од дотации | БУЏЕТО: Расходи од донации | БУЏЕТО: Расходи од кредити | БУЏЕТО: Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **346.969.961** | **176.209.890** | **17.862.181** | **143.511.000** | **40.759.274** | **21.594.691** | **399.937.036** |
| 421110 | Електрична енергија | 8.164.606 | 5.950.000 | 565.000 | 1.809.206 | 0 | 0 | 8.324.206 |
| 421120 | Водовод и канализација | 3.547.628 | 1.215.000 | 395.000 | 728.032 | 0 | 0 | 2.338.032 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 421220 | Дрва | 688.973 | 50.000 | 0 | 381.597 | 0 | 0 | 431.597 |
| 421240 | Течни горива | 6.146.342 | 900.000 | 0 | 5.423.550 | 0 | 0 | 6.323.550 |
| 421290 | Други материјали за греење | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 421310 | Пошта | 399.578 | 250.000 | 36.000 | 28.400 | 0 | 0 | 314.400 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 1.226.376 | 492.620 | 175.000 | 381.328 | 0 | 0 | 1.048.948 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 106.280 | 50.000 | 8.000 | 6.000 | 0 | 0 | 64.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 1.516.700 | 1.015.000 | 240.000 | 84.700 | 0 | 0 | 1.339.700 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 153.000 | 115.000 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 160.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 768.000 | 300.000 | 115.000 | 386.184 | 0 | 0 | 801.184 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **20.938.217** | **8.234.000** | **11.795.112** | **1.687.840** | **50.000** | **0** | **21.766.952** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 1.034.620 | 445.000 | 178.000 | 335.909 | 0 | 0 | 958.909 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработени | 456.600 | 320.000 | 189.000 | 40.000 | 0 | 0 | 549.000 |
| 423190 | Други административни материјали | 126.000 | 0 | 110.000 | 6.000 | 0 | 0 | 116.000 |
| 423310 | Униформи | 123.000 | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| 423320 | Обувки | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423330 | Постелнина | 40.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 12.192.621 | 1.075.000 | 10.395.112 | 167.000 | 0 | 0 | 11.637.112 |
| 423510 | Лекови | 16.240 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423590 | Други медицински материјали | 5.000 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 1.122.000 | 50.000 | 20.000 | 272.000 | 0 | 0 | 342.000 |
| 423620 | Училишни материјали | 70.000 | 0 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 70.000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 1.302.172 | 340.000 | 355.000 | 343.100 | 0 | 0 | 1.038.100 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 257.000 | 20.000 | 110.000 | 198.926 | 0 | 0 | 328.926 |
| 423810 | Ситен инвентар | 650.711 | 75.000 | 230.000 | 154.105 | 0 | 0 | 459.105 |
| 423820 | Амбалажа | 3.000 | 0 | 3.000 | 0 | 0 | 0 | 3.000 |
| 423830 | Резервни делови | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 3.147.800 | 5.609.000 | 15.000 | 5.000 | 50.000 | 0 | 5.679.000 |
| 423990 | Други материјали | 381.453 | 240.000 | 75.000 | 95.800 | 0 | 0 | 410.800 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **9.445.708** | **8.745.000** | **591.000** | **981.051** | **0** | **0** | **10.317.051** |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ
## Ниво на: Потставка

